Службен весник на Република Македонија бр.61 од 26 јули 2002 година

# ЗАКОН
## за задолжување на Република Македонија кај Европската Банка за обнова и развој по Договорот за кредит за Проектот за унапредување на Цивилната воздушна пловидба

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската Банка за обнова и развој со

- кредит во износ од 11,2 милиони ЕВРА наменет за реализација на проектот за унапредување на Цивилната воздушна пловидба кој се состои од набавка на опрема за навигација на целиот воздушен простор на Република Македонија и модернизација на пистата на Охридскиот аеродром.

Член 2

Рокот на отплата на кредитот од член 1 од овој закон е 12 години со грејс период од три години и варијабилна каматна стапка - ЕУРИБОР плус 1 процент.

Кредитот ќе се отплаќа во еднакви полугодишни рати кои доспеваат за плаќање на 16 март и 16 септември секоја година, почнувајќи од 16 март 2006 година, а завршувајќи на 16 септември 2014 година.

По ефективноста на кредитот ќе се плати еднократна провизија од 1% за управување со кредитот додека на неповлечениот дел од средствата ќе се плаќа провизија од 0,5% годишно.

Член 3

Краен корисник на кредитот е Управата за Цивилна воздушна пловидба, орган во состав на Министерството за транспорт и врски.

Член 4

Кредитот од член 1 од овој закон ќе го отплаќа Управата за Цивилна воздушна пловидба од приходите што ги остварува од наплатата од прелетите на авиони над територијата на Република Македонија, согласно правилата на

Еуроконтрол (Извршен орган на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство) со седиште во Брисел.

Член 5

Субјектите наследници на Управата за Цивилна воздушна пловидба ќе продолжат да го отплаќаат кредитот од своите приходи, во рокови и услови утврдени во Договорот за кредит.

Член 6

Министерството за финансии ќе наплатува од крајниот корисник провизија во висина од 1% над износот на каматната стапка како надомест за кредитна изложеност на Република Македонија кон странство. Прибраните средства по овој основ ќе бидат приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени со Договорот за кредит, во име на крајниот корисник ги плати Република Македонија, Министерот за финансии, 30 дена по извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на Народна Банка на Република Македонија или на деловната банка каде што крајниот корисник има денарска сметка, да пренесе од сметката на крајниот корисник на кредитот во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".